Анализа на јавното мислење бр. 26/2023

# ЕУ интеграциите во сенка на внатрешните процеси – Анализа на јавното мислење за 2023 година

Автор: Анамарија Велиновска
со придонес на Ана Софеска и Ѓорѓи Хаџи Василев

-

декември 2023



Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје
KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** ЕУ интеграциите во сенка на внатрешните процеси – Анализа на јавното мислење за 2023 година

**Издавач**: Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор**: Анамарија Велиновска

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Линија ДООЕЛ Скопје

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://idscs.org.mk

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien

# Клучни наоди

–

- Третина од испитаниците (33%) сметаат дека процесот сепак претставува усогласување на законодавството и стандардите со оние на ЕУ, а само 11% гледаат на истиот како задоволување на условите на нашите соседи. Секој петти испитаник смета дека процесот ги опфаќа и двете опции.
- Гледиштето дека процесот е еднаков на усогласување на законодавството и стандардите на ЕУ пропорционално расте со зголемување на степенот на образование.
- Етничките заедници поделени во однос на прашањето дали ЕУ ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан до 2030 година. 50% од Македонците не веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена, наспроти 68% кај етничките Албанци кои веруваат во изјавата.
- Само 24% од испитаниците се согласуваат со преземената обврска неопходна да се изврши доколку би продолжиле со интегративниот процес, а тоа е да се промени Уставот за внесување на бугарското малцинство.
- Секој трет испитаник нема став дали европското знаменце се употребува правилно или се злоупотребува.
- Скоро две третини  или 65% од испитаниците сметаат дека измените на Кривичниот законик се донесени за заштита на политичките елити од минати криминални дејствија.
- Половина од испитаниците или 51% се согласуваат со тезата дека Македонија не припаѓа ни на Исток, ни на Запад.
- Наспроти ЕУ, перцепцијата за влијанието на САД бележи раст во последните шест години. Оваа година 60% од граѓаните сметаат дека САД е фактор со најголемо влијание.

- Иако граѓаните не ја гледаат како најголемиот фактор на влијание, сепак ЕУ продолжува да доминира на прашањето кој е најдобриот сојузник. Овогодинешните резултатите откриваат дека 33% од граѓаните веруваат дека Европската Унија е најдобриот сојузник на државата, по која следи САД, кои 20% од испитаниците ги посочиле како сојузник.
- Скоро половина од испитаниците (48%) сметаат дека најголемата економска поддршка треба да дојде од страна на ЕУ.

# Вовед

Во периодот од 2016 година досега, Институтот за демократија (ИДСЦС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) спроведуваат национална анкета со репрезентативен пример за прашања кои се релевантни за процесот на интеграција на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ). Прашалник се состои од прашања кои се повторуваат секоја година со цел да се утврдат трендовите низ годините и прашања кои се однесуваат на актуелните политичките случувања. Конкретно, ова издание на анкетата го разгледува јавното мислење за актуелните прашања поврзани со евроинтегративниот процес, вклучувајќи ги преземените обврски неопходни за продолжување на преговарачкиот процес со ЕУ, постојните алатки за усогласување на македонското законодавство со европското и општата перцепција за преговарачкиот процес. Настрана преговарачкиот процес, анкетата има за цел да го разгледа мислењето на граѓаните за надворешните фактори гледани како влијанија, сојузници, економски партнери и донатори. Податоците ни овозможуваат да направиме споредбена анализа на трендовите присутни во јавното мислење, а истовремено да го осознаеме и генералниот став за најактуелните прашања во конкретната година. За подетална анализа, секое прашање е следено, меѓу другите параметри, од аспект на политичка ориентација и етничка припадност на испитаниците. Наодите од анализата се сумирани во вкупно три категории: *1) Преговарачкиот процес низ призмата на граѓанинот 2) Усогласување со ЕУ законодавство и стандарди – вистина или мит? 3) Надворешни фактори и влијанија*

Истражувањето беше спроведено преку телефонски интервјуа во текот на ноември 2023 година, преку национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници.

# Преглед на политички случувања

Оваа година помина без драстично поместување во евроинтегративниот пат. По првата Меѓувладина конференција[1] (МВК) во јули 2022 година кога условно се отворија преговорите за членство во Европската Унија (ЕУ), земјата продолжи со исполнување на обврските кои следат во процесот. Во текот на 2023 година, претставници на државната администрација од ресорните министерства присуствуваа на објаснувачки и билатерален скрининг процес во Брисел, по чие завршување започнување отворање на кластери. Овој следен чекор, поточно, отворањето на кластери, е возможно да започне само по промените во Уставот кои подразбираат вклучување на бугарското малцинство во Преамбулата на Уставот како конститутивен народ на државата. Без исполнување на оваа обврска, но и останатите обврски преземени со потпишување на вториот билатерален Протокол меѓу Бугарија и Северна Македонија[2] неколку дена пред првата МВК, земјава нема да може да пристапи кон отворање на кластерот "Основи". Со цел подготовка на уставните измени во април 2023 година, се формираше работна група. Таа едногласно одобри и поднесе нацрт-иницијатива, со што ги предложи измените до Владата во мај 2023 година, а иницијативата подоцна беше поднесена до Собранието[3]. Предложените уставни измени во иницијативата предвидуваат вклучување уште шест заедници, вклучувајќи го бугарскиот народ, хрватскиот народ, црногорскиот народ, словенечкиот народ, еврејскиот народ и египетскиот народ во Преамбулата и во два члена на Уставот[4]. Во август се одржа пленарна седница за усвојување на иницијативата за измена на Уставот, но беше ставена во мирување бидејќи не можеше да се обезбеди потребното двотретинско мнозинство гласови.[5]

Освен политичките обврски чие исполнување за сега е неизвесно, ЕУ го следи напредокот на државата во спроведување на реформската агенда. Истиот беше нотиран во Извештајот на Европската комисија (ЕК) за Северна Македонија за 2023 година[6]. Овогодинешниот Извештај предизвика лавина реакции во јавноста. Од една страна, за власта, Извештајот посочува на задржано темпо на напредок во процесот, а ги истакнува внатрешните и

1 Европска Комисија (2022) Прва Меѓувладина Конференција меѓу Албанија и Северна Македонија за отпочеток на преговорите. Линк
2 Министерство за надворешни работи на Северна Македонија, Протокол од вториот состанок на заедничката меѓувладина комисија, потпишан на 17 јули 2022 достапен на линк
3 Министерство за правда, Решение за формирање на работна група за Предлог - иницијатива за потребата од измени на Уставот на Република Северна Македонија, достапно на линк https://shorturl.at/kuCU2
4 Влада на Република Северна Македонија, Предлог за пристапување кон измени на Уставот на насоки за изменување и дополнување на Уставот на република Северна Македонија, достапен на следниот линк https://shorturl.at/evC19
5 Собрание на Република Северна Македонија, Соопштение за јавност, достапно на линк https://shorturl.at/fiGNZ
6 Секретаријат за европски прашања, Извештај на Европска Комисија за Северна Македонија достапни на линк https://www.sep.gov.mk/post/?id=5657

надворешните предизвици на државата[7]. Од друга страна, за опозицијата Извештајот посочува на корупција и институционална негрижа за спроведување на реформите[8].

Во фокусот на овогодинешниот Извештај, ЕК дава апел за политички консензус и обединетост на сите политички фактори, меѓутоа и истакнува слабости во судството, јавната администрација, и ја нагласува политичка поларизација, особено во рамки на работењето на парламентот. Покрај критиките насочени кон дебатата во парламентот, критики се упатија и кон алатките кои се користат за усогласување на законодавството со ЕУ. Комисијата оценува дека употребата на европското знаменце, или алатката за скратување на постапката за закони кои претставуваат усогласување на законодавството и стандардите со ЕУ за многу закони е прекумерна и во многу случаи непотребна. Според ЕК, таа треба да се користи исклучително во случаи каде постои директна врска со европската регулатива, а не за заобиколување и кратење на постапката за донесување на закони. Имено, во текот на годината, Собранието успеа да обезбеди мнозинство за неколку дискутабилни закони, притоа избегнувајќи широка дебата со опозицијата преку користење на европското знаменце. Оваа постапка се искористи за измени за Кривичниот законик со кој застаруваат голем број предмети на функционери и службени лица кои беа обвинети за коруптивни дејства и пет закони со кои се забрза процесот за изградба на Коридор 8 и Коридор 10. За ова прашање, реакции пристигнаа и од Делегацијата на Европската Унија во Скопје.[9]

Настрана внатрешно-политичките и реформските процеси кои го следат преговарачкиот процес, на надворешен план државата остана целосно усогласена со надворешната политика на ЕУ вклучувајќи ги санкциите кон Русија за војната во Украина[10]. Ваквото усогласување ја потврдува позицијата на земјата да се вклопи и подреди со вредностите и политиките на Унијата.

Иако војната во Украина остана во фокусот на надворешната политика на Унијата, потврден со препораката на ЕК за отворање на преговори со Украина и Молдавија и кандидатски статус на Грузија, надворешната политика беше фокусирана и кон проширувањето на земјите од Западен Балкан (ЗБ)[11]. Оваа година, претседателот на Европскиот совет, Шарл

---

7 Влада на Република Северна Македонија, Соопштение за јавност, достапно на линк https://vlada.mk/node/30514
8 ВМРО-ДПМНЕ, Соопштение за јавност, достапно на линк https://shorturl.at/bkHQU
9 МИА, Усвоени измените на Кривичниот законик, нивната „оправданост“ предмет на дискусија во јавноста, достапно на линк https://shorturl.at/hoxK7
10 Европски парламент, ЕУ санкции против Русија, усогласеност на земјите кандидат членки, достапно на линк https://shorturl.at/lqzL1
11 Дамјановски и ост. 2023, Новата реалност – Војната во Украина и Западен Балкан – Проширувачки процес на ЕУ, достапен на линк https://shorturl.at/aAFLR

Мишел изјави дека ЕУ и земјите од ЗБ треба да се подготвени за проширување до 2030 година.[12] Оваа изјава е прва од ваков карактер на висок претставник на Унијата, по 2018 година кога ЕК ја објави Стратегијата за проширување со земјите од Западен Балкан до 2025 година[13]. Меѓутоа ваквиот временски-одреден став, но и општата визија за политиката на проширувањето на Унијата е разновиден меѓу европските лидери. За многу од нив, вклучувајќи го и францускиот претседател и германскиот канцелар[14], проширување не е возможно без реформирање на Унијата. Согласно овие ставови, француско-германски експерти ги преточија своите идеи за реформирање во документ во кој што се разгледува и можноста за повеќестепено приклучување кон Унијата. Ова би значело дека земјите од Западен Балкан би можеле да пристапат кон економско-пазарните политики на Унијата, но не и политичките.

Сите овие политички случувања на внатрешен и надворешен план директно го обликуваа мислењето на јавноста оваа година. Во следниот дел ги истражуваме сите случувања низ призмата на мислењето на јавноста.

12 Европски совет, Соопштение за јавност, Изјава на Шарл Мишел на Бледскиот стратешки форум 2023, достапно на линк https://shorturl.at/ntUV7

13 Секретаријат за европски прашања, Стратегијата на Европската Комисија за проширување со земјите од Западниот Балкан до 2025 година, достапна на линк https://www.sep.gov.mk/post/?id=2224

14 Политико, Макрон: ЕУ треба да биде подготвена за 'Европа по повеќе брзини' за да се справи со проширување, достапно на линк https://shorturl.at/aCGNU

# Преговарачкиот процес низ призмата на граѓаните

По усвојување на преговарачката рамка и формалното отпочнување на преговорите, државата е неопходно да ги оствари своите обврски преземени со Протоколот потпишан со Бугарија. Најзначајна обврска е отворање на Уставот за внесување на бугарското малцинство. Во текот на оваа година, ова прашање се разгледа на една собраниска расправа, но поради непостоење на консензус, истото не беше ставено на гласање. Оттогаш, оваа процедура е во мирување. Политичките прашања се најистакнатите делови од процесот, на сметка на техничките аспекти и реформите предвидени со Копенхашките критериуми. Од тие причини, во следниот дел го истражуваме начинот на восприемање на преговарачкиот процес од страна на граѓаните.

За почеток, ја разгледуваме општата перцепција на граѓаните за процесот.

**Како го перципирате процесот на преговарање со ЕУ?**




Во текот на овие години, пристапувањето кон ЕУ доби значајно поголема политичка важност, наспроти техничката, која опфаќа внатрешни реформи и усогласување на законодавството и стандардите со Унијата. И покрај политичките предизвици кои претходеа, третина од испитаниците (33%) сметаат дека процесот сепак претставува усогласување на законодавството и стандардите со оние на ЕУ, а само 11% гледаат на истиот како задоволување на условите на нашите соседи. Четвртина од испитаниците или 26% од испитаниците сметаат дека процесот е ни усогласување, ниту задоволување на условите на соседи, и петтина од испитаниците (20%) кои сметаат дека процесот ги вклучува двете понудени опции. Овие проценти може да посочат на делумно неразбирање на самиот процес поради различни причини. Причините може да вклучуваат несоодветно образување или информирање околу процесот или пак должината на самиот процес придонесува граѓаните да немаат јасна перцепција што всушност претставува преговарање.

**Како го перципирате процесот на преговарање со ЕУ?**
**(гледано од аспект на етничка припадност)**




41% од испитаниците Албанци гледаат на процесот како усогласување со европското законодавство, а 30% од испитаниците – Македонци се согласуваат со тоа. Скоро подеднаков број на испитаници Македонци или 29% не сметаат дека процесот е ни усогласување, ни задоволување на барањата на соседите.

**Како го перцепирате процесот на преговарање со ЕУ? (според образование)** [15]




Резултатите следени според степенот на образование на испитаниците, покажуваат дека степенот на образование расте пропорционално со перцепцијата на процесот како усогласување на законодавството. Ниту еден процент од испитаниците со постдипломско образование – постдипломски студии или повисоко образование не сметаат дека процесот е еднаков на задоволување на барањата на соседите. 50% од испитаниците со постдипломски

[15] Процентот на испитаници кои имаат завршено постдипломски студии/докторат или специјализација не е еднаков на 100% бидејќи не е пресметана компонентата "друго"

студии и 41% со завршени дипломски студии или виша школа гледаат на процесот како усогласување со европското законодавство. Степенот на повисокото образование покажува дека овие испитаници имаат поголема перцепција на техничката и реформската страна на процесот од политичката.

По добивање на општата перцепција на процесот од внатре, во следниот дел се разгледува верувањето на граѓаните во временска одредница на процесот.

**Дали верувате дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година?**




Нејасните изјави со временски одредници проследени со предлози за различни чекори на пристапување кон Унијата се рефлектираат во доста поделено мислење на граѓаните. Иако мнозинство од испитаниците или 50% оптимистички верува дека ЕУ ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година, сепак нешто помалку или 43% од испитаници не веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена.

**Дали верувате дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година? (гледано од аспект на етничка припадност)**



При следење на прашањето според етничка припадност, детектиран е диспаритет помеѓу етничките Македонци и Албанците. Притоа, 50% од Македонците не веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена, наспроти 68% кај етничките Албанци кои веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена да ги прими земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година.

Освен општата перцепција на граѓаните за преговарањето и временските одредби, сепак државата треба да преземе конкретни чекори за да го продолжи својот евро-интегративен пат.

**Кои промени сметате дека Македонија треба да ги направи на патот кон Европска Унија?**




Граѓаните немаат јасно разбирање кои се следните чекори кои државата треба да ги преземе во процесот. При ова прашање, добиените резултати укажуваат на поделеност во размислувањата. 24% од испитаниците се согласуваат со обврската која што е задолжителна доколку сакаме да продолжиме со процесот, а тоа е да се промени Уставот со цел внесување на бугарското малцинство. Сепак и покрај нужноста на оваа обврска, најголем процент од испитаниците, или 29% сметаат дека државата не треба да презема никакви дејствија во процесот на преговори, проследен со 20% од испитаниците кои имаат порадикален став на недејствување, поточно запирање на процесот.

**Кои промени сметате дека Македонија треба да ги направи на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на етничка припадност)**



Релативно низок процент Македонци (14%) поддржуваат промена на Уставот со вклучување на нови малцинства, вклучувајќи го и бугарското малцинство. За разлика од нив, половина од испитаници Албанци (49%) ги поддржуваат уставните измени. Забележителен процент од Македонците (26%) изразуваат желба да го прекинат преговарачкиот процес, наспроти етничките Албанци кои покажуваат најниско ниво на поддршка за запирање на преговарачкиот процес (6%). Секој трет Македонец смета дека државата не треба да прави ништо на патот кон ЕУ. 20% од етничките Албанци (20%), исто така, се согласуваат со овој став.

**Кои промени сметате дека Македонија треба да ги направи на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на политичка афилијација)**




Следено според политичката партија за која би гласале на следните избори, меѓу испитаниците има големи разлики. Мнозинството испитаници кои се поистоветуваат со СДСМ (61%) и ДУИ (62%) сметаат дека треба да се спроведат уставните измени, наспроти само 7% од испитаници кои доколку утре се одржат избори би гласале за ВМРО-ДПМНЕ. Ваквите ставови одат согласно ставовите на политичките лидери на овие партии. Имено, опозицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ се против уставните измени, наспроти власта предводена од СДСМ и ДУИ која смета дека истите се неопходни за преговарачкиот процес.

# Усогласување со ЕУ законодавство и стандарди – вистина или мит?

–

Покрај политичките предизвици, анализата покажа дека секој трет граѓанин продолжува да гледа на процесот како усогласување со европското законодавство и стандарди. Постигнувањето на оваа цел се остварува преку постапката  со т.н. 'европско знаменце' достапна за пратениците во Собранието. Оваа година нејзината употреба беше во фокус поради користењето на истата во неколку спорни закони.

Во следниот дел го истражуваме мислењето на граѓаните за самата постапка и целта на донесување на измените на Кривичниот законик, како еден од најмногу дискутираните закони донесен со европско знаменце.

**На скала од 1-5, како гледате на употребата на европското знаменце?**




Податоците за општата перцепција на граѓаните за употребата на европското знаменце покажува дека испитаниците имаат поделен став. Половина од испитаниците или 47% (34% целосно, 13% до некаде) забележуваат степен на злоупотреба на знаменцето, наспроти само 21% од испитаниците (13% до некаде правилно, 8% целосно правилно) кои забележуваат степен на исправна употреба на постапката со ЕУ знаменцето. Скоро третина од испитаниците или 32% имаат неутрален став кон ова прашање, што може да покажува на граѓанска неинформираност за целта и начинот на употреба.

Доколку ова прашање го следиме по други параметри, како што се етнички припадност и политичка афилијација, тогаш можеме да согледаме разновидност во ставовите.

**На скала од 1-5, како гледате на употребата на европското знаменце? (гледано од аспект на етничка припадност)**




Имено, најголем процент од Македонците или 46% сметаат дека европското знаменце целосно се злоупотребува, проследен со 15% кои гледаат степен на злоупотреба. Спротивно на нив, ист процент на етничките Албанци или 46% сметаат дека европското знаменце ниту се злоупотребува, ниту се користи правилно, а 51% (24% до некаде, 17% целосно) посочуваат дека постапката се користи правилно до одреден степен.

**На скала од 1-5, како гледате на употребата на европското знаменце? (гледано од аспект на политичка афилијација)**



Детектиран е голем диспаритет помеѓу власта и опозициските партии. Притоа, 40% од приврзаниците на ДУИ и 28% од гласачите на СДСМ сметаат дека европското знаменце правилно се употребува, додека силно мнозинство (69%) од приврзаниците на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека употребата на европското на европското знаменце целосно се злоупотребува. Висок процент (64%) од гласачите на Левица го делат истото мислење.

Јавно експониран пример за употреба на европското знаменце се измените на Кривичниот законик (КЗ). Изгласаните измени вклучуваат намалување на затворски казни за злоупотреба на службена положба за лична корист, можност за порано да застарат дела, бришење на членови од КЗ кои предвидуваат казни за злоупотреба на јавни набавки, оштетување на Буџетот, а пониски казни се предлагаат и за делото злосторничко здружување.

Следното прашање го анализира мислењето на граѓаните за причините за носење на измените на КЗ, кој според постапката на донесување наведува дека измените се прават во насока на усогласување со законодавството на ЕУ.

**Зошто мислите дека се донесени измените на Кривичниот законик?**




Иако испитаниците во текот на повеќето прашања покажуваат поделен став, околу причините за носење на измените постигнуваат своевиден консензус. Всушност, скоро две третини  или 65% од испитаниците сметаат дека измените на Кривичниот законик се донесени за заштита на политичките елити од минати криминални дејствија.

**Зошто мислите дека се донесени измените на Кривичниот законик?**
**(гледано од аспект на етничка припадност)**




70% од етничките Македонци, 53% од етничките Албанци, но и 66% од другите заедници велат дека измените на КЗ се донесени за заштита на политичките елити од минати криминали. Наспроти постапката за носење на измените, која има за цел усогласување на законодавството, граѓаните без разлика на етничка припадност препознаваат дека во овој конкретен случај намерите на носење на измените се поинакви, или поточно намерите се заштитување на политичките елити.

# Надворешни фактори и влијанија

Напорите на владите низ годините да ја приближат државата кон ЕУ и желбата на граѓаните да станат дел од европското семејство следствено ја позиционираат државата согласно политиките на Унијата. Меѓутоа, големите предизвици низ кои поминува државата и направените отстапки, како и должината на самиот процес за полноправно членство ја доведува во прашање кредибилноста на ЕУ во очите на граѓаните. Неретко се споменуваат алтернативи на ЕУ, а анализата покажа дека и значаен број на граѓани би посакувале целосен прекин на преговорите. Од тие причини во следниот дел ја анализираме перцепцијата на граѓаните за надворешните фактори кои на некој начин влијаат врз државата.

Почнувајќи од општата перцепција во следниот дел го истражуваме јавното мислење во однос на генералната ориентација на државата.

**Со кое мислење се согласувате?**




Мнозинството граѓани или 51% се согласуваат со тезата дека земјата не припаѓа ни на Исток, ни на Запад. Ваквиот неутрален став може да се толкува како поддршка кон идејата за независност и неутралност на земјата, што може да биде поврзано со желбата за сочувување на сопствениот идентитет и автономија. Дополнително, ваквата неутралност може да се поврзе и со блокадите наметнати од земји членки на ЕУ низ годините, наспроти немањето друга алтернатива што прави да се создаде чувство на неприпаѓање кон одреден блок. По нив, скоро третина од испитаниците или 31% сметаат дека Македонија припаѓа на Запад, согласно аспирациите на граѓаните за влез во ЕУ, наспроти малиот број на испитаници или само 6% кои сметаат дека државата припаѓа на Исток.

### Со кое мислење се согласувате? (гледано од аспект на етничка припадност)




Следено според етничка припадност, цврство мнозинство испитаници Македонци подржуваат неутрален став, за разлика од 43% од испитаниците Албанци кои веруваат дека Македонија припаѓа на Запад.

### Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја?



Кога станува збор за перципираното влијание од страна на граѓаните, САД остануваат фактор кој е сметан за највлијателен во државата со 60% од испитаниците кои се согласуваат со овој став. Значајно пониско рангирана е ЕУ која само 19% од испитаниците ја сметаат како фактор на влијание. Освен САД и ЕУ, 10% од испитаниците не знаат да го посочат највлијателниот фактор.

**Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја? (гледано од аспект на претходни години)** [16]




Овогодинешната анализа покажува незначителен пад во перцепцијата за влијанието на ЕУ на 19% од 21% минатата година. Во 2019 година, пред наметнатото вето на Бугарија, а по промената на името и со тоа ослободување на ветото од Грција, ЕУ бележи најголема доверба како фактор на влијание. (45%) Во годините што следат, оваа перцепција се намалува и до денес не успева да се поврати. Наспроти ЕУ, перцепцијата за влијанието на САД бележи раст. Во седумте години од спроведување на оваа анкета, овогодинешните резултатите посочуваат на најголем број на испитаници или 60% кои сметаат дека САД е фактор со најголемо влијание.

[16] *Процентите не се еднакви на 100% поради тоа што не сите споменати земји во одговорите се прикажани споредбено низ годините.*

### Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја?




Иако граѓаните не ја гледаат како најголемиот фактор на влијание, сепак тие и понатаму сметаат дека ЕУ е наш најдобар сојузник. Овогодинешните резултати откриваат дека 33% од граѓаните веруваат дека Европската Унија е најдобриот сојузник на државата, по која следи САД, кои 20% од испитаниците ги посочиле како сојузник.

### Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја? (гледано од аспект на претходни години)[17]




[17] *Процентите за 2021,2022 и 2023 година не се еднакви на 100% бидејќи во графикот со споредби од минатите години не се земени во предвид останатите земји кои испитаниците ги споменале (пр. Германија, Србија, ниту една)*

Споредбено со изминатата година (32%), оваа година граѓаните имаат непроменет став кон ЕУ како најголем сојузник (33%). Ставот за САД како најголем сојузник бележи мало зголемување на испитаници кои се согласуваат со истиот (20% во 2023, 17% во 2022). Низ годините, постојат останува и процентот на граѓаните кои не можат да посочат кон сојузник на државата.

Граѓаните најмногу ја чувствуваат надворешната поддршка кога станува збор за подобрување на економската ситуација. Во следниот дел гледаме на нивната перцепција за тоа кој треба да е македонски главен економски партнер и најголем донатор.

**Кој мислите дека треба да биде главен економски партнер на земјата?**




38% од испитаниците сметаат дека економската поддршка треба да дојде од ЕУ. По неа следуваат САД со 16%, и испитаниците кои немаат одговор со 14%. 11% од испитаниците ја гледаат Русија како економски партнер на земјата.. Овие одговори се речиси непроменети минатогодишните кога 49% од испитаниците сметаа дека ЕУ треба да е главен економски партнер.[18]

[18] Анамарија Велиновска, Европа во криза: Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија, достапно на линк https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/1_B5_Analiza_MKD-1.pdf

### Која земја на ЕУ мислите дека треба да биде главен економски партнер?




При подетална анализа на прашањето, од испитаниците кои својот одговор го дале за ЕУ, 71% ја лоцираат Германија како земја-членка на ЕУ која треба да е главниот економски партнер.

Освен кој надворешен фактор сметаат дека треба да биде најголемиот економски партнер, ги прашавме граѓаните и кој би го издвоиле како најголемиот донатор.

### Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Македонија?



Што се однесува до тоа кој е најголем донатор, ЕУ повторно доминира на прво место со 40% од граѓаните кои сметаат дека Унијата дава најмногу пари за развој. По неа еднаков процент на граѓани или 22% сметаат дека САД е најголем донатор, и ист толкав процент од 22% не можат да посочат на истиот.

**Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Македонија? (гледано од аспект на претходни години)**[19]




Низ годините, ЕУ бележи константен број на испитаници кои се согласуваат со овој став. Оваа година малиот пад во перцепцијата е на сметка на оние кои гледаат на САД како најголем донатор и на оние кои не можат да посочат таков фактор.

Значајно е да се забележи дека бројката на граѓани кои не можат да посочат на донатор секоја година се зголемува што упатува дека граѓаните не гледаат каде се, и од каде потекнуваат парите за развој.

[19] Процентите не се еднакви на 100% поради тоа што не сите споменати земји во одговорите се прикажани споредбено низ годините.

# Заклучок

Изминатата година помина со незначителни промени на надворешно-политички план, пред се поради фактот што со отпочнувањето на процесот на преговори и отворање на првата меѓувладина конференција процесот се префрли на домашната сцена. Од нас се очекува спроведување на уставните измени и соодветни реформи. Резултатите оваа година покажаа дека иако билатерални прашања остануваат отворени, граѓаните продолжуваат да гледаат на процесот како усогласување со законите и стандардите на ЕУ. Меѓутоа засега, за Северна Македонија процесот се уште не е сведен само на реформи туку и на политички прашања, а за делување по овие прашања мнозинството граѓани би попрво би прибегнале кон недејствување или целосно запирање на процесот наместо внесување на бугарско малцинство. Покрај турбулентниот пат кон неа, Унијата продолжува да биде восприемена како најголем донатор, економски партнер и сојузник на државата.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Анамарија Велиновска** е помлад истражувач и проектен менаџер во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје. Велиновска има магистрирано на студиите за "Јавни политики" на Универзитетот од Единбург, како Чивнинг стипендист на Британската влада. Нејзините области од интерес се: европски интеграции, регионална соработка и надворешни политики.

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG